# IN MEMORIAM

## БОЈКА ДОНОВСКА

## (1928—1986)

Многумина се повикани,
малкумина се со занес...

Платон



Во сеќавањето на секој возрасен човек најдраги се спомените на детството, на дните поминати во училишните клупи и на оние, кои ни го откриваа светот и ни ги внушуваа сознанијата за него; нивните ликови, некој повеќе, некој помалку, но ликовите на сите без исклучок, остануваат трајно во нашата свест и тоа бездруго е најголемата и највредна награда за секој просветен работник.

Бојка Доновска беше таков учител, кој на бројни генерации ученици од Основното училиште „Владимир Илич Ленин" во Скопје им остана како светол лик на човек, кој целосно и безрезервно беше предаден на својата вокација со длабоко уверување во исклучителната благородност на учителската професија и огромна љубов кон младите луѓе, на кои таа сесрдно им се предаде запознавајќи ги со „учителката на животот" на начин, својствен на најдобрите, одбраните. Сиот свој работен век таа го посвети на благородната цел — да ги поучи младите луѓе дека животот не почнува „кога се родив јас", како што вели поетот Радовиќ, туку дека милениуми и векови пред нас живееле луѓе, твореле и се бореле за некаков идеал; дека сознанијата за „она што било" не треба да ги примаме само како јалова информација, туку како драгоцено искуство, што треба да биде наук за сегашноста и насока за иднината, а тоа впрочем и е примарна задача на историјата. Негувајќи ја националната свест, со занес ги учеше младите Македонци да осознаат кои се, од каде сме дошле на овие простори, какви и колкави биле нашите напори и борби за опстојување и слобода. Својот долгогодишен наставен опит таа го вградуваше во несебичната помош на идните коле-

ги — студентите хоспитанти по историја, на кои ненаметливо им ги откриваше тајните и учителскиот занает. Нејзините конструктивни согледувања, плод на богатата емпирија, често беа мошне инструктивни за авторите на повеќе учебници по историја за вишите одделенија на основните училишта, за кои таа повеќекратно беше рецензент.

Уште од рана младост, во родниот Штип таа се определи за единствениот праведен пат на шеснаесетгодишна возраст стана една од најмладите борци на нашата НОБ. Сиот свој живот непоколебливо врвеше по тој пат не штедејќи го своето кревко здравје и вградувајќи се во сите негови сегменти не само на професионален, туку и на општествен план. Нејзината активност во Друштвото на историчарите на Македонија не остана незабележана, зашто таа во него беше истакнат деец и агилен пропагатор и афирматор на неговиот орган — списанието „Историја“. Во Сојузот на борците, заедно со своите соборци неуморно се залагаше за негување на борбените традиции кај младите; беше вклучена во многу самоуправни и општествено-политички органи и тела во организацијата каде што работеше — Основното училиште „Владимир Илич — Ленин“ во Скопје. За овие и вакви активности не изостанаа и општествените признанија: ласкавото звање „особено истакнат просветен работник“, Орден на трудот со сребрен венец и бројни пофалби, благодарници, повелби.

Но најубавото признание и награда за тоа што сиот свој работен век го посвети и им го дари на младите секако а големата љубов и другиот спомен што бројните нејзини ученици секогаш ќе го носат во најтоплиот кат од своите срца.

Vixit, sed vixit bene!

**Љубинка БАСОТОВА**